# APPLICATION OF PORTFOLIO IN THE PROCESS OF ASSESSING THE STUDENT'S ACHIEVEMENTS

**Arbresha Zenki-Dalipi**
Primary Public School “Ismail Qemali” – Gostivar, Republic of North Macedonia,
arbresha.zenki@unite.edu.mk

**Abstract:** Assessment is a didactic and complex process carried out by the teacher in order to record the degree of knowledge and gained achievement. Assessment is an integral part of the teaching process, so during the course of instruction it is important to identify the learning process and to know the strengths and weaknesses of the students individually. Modern education theories besides the motivating function of regular student engagement, emphasize formative assessment as a reliable way of providing objective assessment that is almost impossible to accomplish without portfolio preparation, guidance and assessment.
In order to understand the function of this collection of student records of achievement, this study will be guided by questions aimed at illuminating the problem of competency of designing and managing portfolios according to their purpose, involvement and attitude, students 'assessment of selected papers, portfolio content, and parents' awareness of their function.
The Likert scale, designed for teachers and parents, is designed to answer the needs of the study, which is designed to determine the stated tasks, that is, to test and verify the hypotheses raised. To study the types, content, properties and characteristics of portfolios, we will conduct content analysis through focused observation of approximately 80 portfolios.
The summarized and analyzed results through statistical methods, and the relevant facts from the content analysis of the observation show that the majority of teachers in their practice apply a portfolio, and are sufficiently competent to design and manage a portfolio. While the content does not meet the criteria for a functional portfolio, parents are informed about the benefits. Students are involved in the process and believe that this evidence is a true indicator of their achievement.
**Keywords:** Portfolio, Valuation, Achievements

# ПРИМЕНА НА ПОРТФОЛИО ВО ПРОЦЕСОТ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

**Арбреша Зенки-Далипи**
ООУ “Исмаил Ќемали” - Гостивар, Северна Република на Македонија, arbresha.zenki@unite.edu.mk

**Резиме:** Оценувањето е дидактички и комплексен процес кој се реализира од страна на наставникот со цел да евидентира степен на стекнатите знаења и достигнувања. Оценувањето преставува составен дел на наставниот процес, затоа во тек на насочување на настава битно е да се увиде процесот на учењето и познавање на јаките и слабите страни на учениците поединечно. Современите теории за образованието покрај мотивирачката функција за редовно ангажирање на учениците, го нагласуваат формативното оценување како сигурен начин за обезбедување на објективно оценување кој е скоро невозможно да се реализира без изготвување, водење и оценување преку портфолио.
За да се увиде функцијата на ова збирка на дела на ученикот со кои се евидентира постигањето, ова студија ќе се води со прашања кои имаат за цел да ја осветлат проблематиката за компетентоста на наставиците за дизајнирање и водење на портфолија според нивната намена, инволвирањето и ставот на учениците за оценувањето базирано на селектираните трудови, содржината на портфолијата, и информираноста на родителите за функцијата на истите.
Одговор за нашите потреби за студијата дава Ликертовата скала, која се дизајнира за наставници и родители за утврдување на наведените задачи, односно за проверување и верификација на точноста покренатите хипотези. За да се проучат видовите, содржината, својствата и карактеристиките на портфолијата ќе реализираме анализа на содржина преку фокусирано набљудување на околу 80 портолија.
Сублимираните и анализирани резултати преку статистики методи, и релевантните факти од анализа на содржина на набљудувањето покажуваат дека поголемиот дел од наставниците во својата пракса применуваат портфолио, и се доволно компетенти за дизајнирање и водење на портфолио. Додека содржината на истите не соодветува на критериумите за фунционално портфолио, родителите се

информирани за придобивките на истите. Учениците се инволвирани во тој процес и веруваат дека тие докази се вистински показители за нивните постигнувања.
**Клучни зборови:** Портфолио, вреднување, постигања

## 1. ВОВЕД

Најголемиот предизвик на педагозите во современите теории покрај фокусот што се дава за развој на личноста, е прашањето како може оценувањето да влијае мотивирачко кај учениците, односно како истиот процес да влијае позитивно врз нивните постигања.
Оценувањето е дидактички и комплексен процес кој се реализира од страна на наставникот со цел да евидентира степен на стекнатите знаења и достигнувања. Оценувањето преставува составен дел на наставниот процес, затоа во тек на насочување на настава битно е да се увиде процесот на учењето и познавање на јаките и слабите страни на учениците поединечно. Современите теории за образованието покрај мотивирачката функција за редовно ангажирање на учениците, го нагласуваат формативното оценување како сигурен начин за обезбедување на објективно оценување.
Револуција во оваа поле направија истражувањата на Блек и Вилиам (Black & William) кои резултираа со реформи во оценувањето во многу земји. Наведените истражувања го нагласуваат процесот на оценувањето како „оценување за учење”; „оценување вградено во наставата”.
Такви движење се среќаваат и во нашата земја кога во 2006/2007 година беше усвоен законот за оценување. Воведување на описното оценување во првиот циклус на одделенската настава почна спроведување на таквата практика како рефлексија на методичките промени кои вклучуваат формативно оценување.
Во тек на вклучување на иновации во образование, т.е. воведување на описното оценување, се укажува потребата за изготвување, водење и оценување преку портфолио, која ќе даде можност за создавање на сеопфатна евиденција на факти за активностите на учениците, нивниот напредок и нивните постигања.
Портфолиото е збирка на дела избрани од страна на ученикот со кои ќе се евидентира постигањето и начинот на постигање на дадено подрачје. Многу важно е да се наведе дека во таквиот колаборативен зафат се инволвирани наставникот, ученикот, па дури и родителот, кои заеднички ги поставуваат целите, видот на порфолиото, содржината и критериумите за оценување на истата.

## 2. ЗА ПОИМОТ „ОЦЕНУВАЊЕ“

Една од многуте важни компоненти на образование е постојаното следење на постигнувањата на поставените цели. Бројни дефиниции се дадени за објаснување на поимот оценување, меѓу кои ние ќе потенцираме само некои.
„Терминот **оценување**, во својата поширока смисла означува **процес на собирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците** кои што се користат за:
1.Информирањето на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите;
2. Информирањето на другите надлежни структури кои што донесуваат одлуки за образовната политика а се однесуваат на учениците (на пример, одлуките за напредувањето на учениците, одлуките за вклучувањето на учениците во одредени образовни програми и видови практични активности)”[3]
Во овој контекст, со право нагласува Зулфиу дека: "Оценување е процес на систематско собирање, анализа и интерпретација на информации со цел да се утврди до кој степен учениците ги совладуваат целите.”[4]
Процесот на оценување претрпе еволуција свртувајќи го своето внимание од оценување на посебни успеси, кон значајните промени во личноста. Според Османи оценувањето вклучува интегрирање на разни апликации, во еден целосен и сеопфатен портрет на поединци во наставна ситуација.[5]
Новите трендови во оваа наука ги вклучуваат и влијателните актери, родители, а неминовно важноста на примена на нови методи и техники за оценување. Таквите тенденции истакнуваат оценувањето и за време на поучувањето, имено алтернативно оценување. „Алтернативното оценување во себе содржи автентично оценување, оценување на перформансите, портфолио, изложување, демонстрација и други форми на оценување. Овие форми на оценување ги ангажираат учениците во учењето и бараат развој на мисловните вештини и на тој начин тие се ускладени со когнитивните теории на учењето и мотивацијата”[6]

[3] Gerard, T.; Marcan, D., *Примена на стандардите за оценување на учениците*, без ознака
[4] Zylfiu, H.(2005), *Didaktika*, Prishtina: Tigemate, стр.450
[5] Osmani, F. (2010), *Sistem na ocenuvanje vo fukcija na nastavniot proces*, Tetovo: ArberiaDesign,стр.126
[6] James, M. (2011), „Classroom assessment:principles and practice for effective standarbase instruction„, *Studies in Educational Evaluation* 37, 3–14

## 3. ПОРТФОЛИО

За етимологија на зборот *портфолио* има две објаснувања. Една укажува на тоа дека потеклото е од латински корени, *portare* – носи и *foglio* - хартија, а другата дека од францускиот и италијанскиот збор *portafoglio* и *portefeuille*, кои значат паричник. Како клучен поим не се среќава само на педагошките лексикони, но истиот поим се појавува во уметноста уште од време на ренесанса, во науката на менаџмент и финансии , и др. Ако погледнеме внимателно во објаснувањата на значењето на терминот, ќе наидеме на скоро идентични појаснувања.

Додека речникот на Cambridge University дава поопширно толкување и го преставува портфолио како голема, тенка папка која служи за носење на цртежи, документи; која ќе го презентира лицето; презентирање на колекцијата на уметник,[7] и др, се наоѓаат објаснувања дека портфолито е збирка на ученикот во академска работа и други форми на образовна евиденција собрани за цел за оценување на квалитетот на работа, напредокот и академските достигнувања, утврдување на тоа дали учениците ги исполнуваат стандардите за настава или други академските барања[8].

Согледувањето на Paulson & Meyer портфолиото го презентираат како "Корисна колекција на ученички изработки и трудови за прогресот и постигањата во еден или повеќе предмети. Во колекцијата мора да биде вклучена партиципацијата на ученикот во изборот на содржините, критериумите за избор, критериумите за оценување, како и доказите од ученичкото самооценување[9]"

Arter & Spandel даваат објаснување дека „портфолиото е корисна збирка на трудови која што укажува за напорите, напредокот или постигањата во едно дадено подрачје. Ваквата збирка мора да го вклучува и учеството на ученикот во изборот на содржината на портфолиото, насоките за избирањето, критериумите на оценувањето како и на неговите добри страни, но и доказите за самоанализа на ученикот"[10]

Неоспорливата вредност на портфолиото ја даваат Kubiszyn & Borich кои со приложената дефиниција покрај објаснувањето на содржината, целта и намената, тие ги ставаат во улога неминовните актери, наставникот и ученикот, кои според нив се вклучуваат кооперативно во процес на градење, развој оценување на портфолиото. Тие поимот го дефинираат како „колекција на избрани трудови на ученикот со која се документира што ученикот успеал да постигне и како го постигнал тоа. Колекцијата е кооперативен зафат на наставникот и ученикот, кои заеднички одлучиле за целите, содржината и критериумот за вреднување на портфолиото" [11]

Исклучителна вредност кон дефинирање на терминот дава Winsor and Ellefson, кои нагласуваат дека "Портфолиото е фузија на процесот и производот. Тоа е процес на размислување, селекција, рационализација, и евалуација, заедно со производот на тие процеси "[12].

Резимирано може да се каже дека портфолијата се збирка на трудови и примероци од работа на учениците, кои се собрани со цел да се изложува не само нивното образовно напредување и постигање, туку нивните достигнувања во воспитниот процес, самооценувачкиот акт, критичкото размислување, градење на позитивни особини како истрајност, одговорност и организираност, значи е „основа за евалвација и критичка рефлексија".[13]

## 4. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПОРТФОЛИЈА

Од суштинско значење е умешноста и креативноста за градење на привлечно и суштинско портфолио, која во себе ги содржи сите составни елементи. Иако хартиена, кутија или било каква форма, портфолиото треба да преставува колекција со внимателно одбрани творби, на место албум каде ќе бидат „натрупани" сите трудови на ученикот. Збирката која ќе се одбира внимателно бара голема посветеност и истата треба да поставува документ која подложува на основните елементи, кои се:

- Белешка на корицата – иако се пишува на крај, се става напред. Преставува сумирање на показателите за учење и напредокот на ученикот.
- Содржина – организираните трудови со броеви на страниците

[7] http://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/portfolio
[8] http://edglossary.org/portfolio/
[9] Paulson, L.; Paulson, P.; Meyer, C.(1991), *What makes a portfolio a portfolio*, Journal article, v48 n5 60-63
[10] McMillan, J.(2007), *Classroom assessment principles and practice for effective standards-based instruction*, -4th ed., Boston: Pearson Education, стр. 269
[11] Kubiszyn, T.; Borich, G.(2003), *Educational testing and measurement: classroom application and practice*.7th ed. USA: John and Sons Publisher
[12] Winsor, P. ; Ellefson, B. (1995). Professional Portfolios in Teacher Education: An Exploration of Their Value and Potential. *The Teacher Educator*, 31(1), 68
[13] http //scindeks.ceon.rs/article.aspx portfolio

- Елементи – задолжителни елементи кои мора да се застапени кај сите како основа според која ќе се споредува, и незадолжителни, елементи кои се ставаат за да преставуваат личните особини и квалитети.
- Датуми – за олеснување на следење на напредокот во одреден временски период.
- Нацрти – за устни и писмени продукти и преработени верзии
- Размислувања – за секој елемент поединечно и за цело портфолио, во секоја фаза на процесот.

## 5. ПРАШАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се водиме на одредени патеки ќе ги следиме истражувачките прашања како подолу:

1. Дали наставниците имаат позитивен став кон портфолијата и сметаат дека преку нив овјективно се оценува?
2. Дали наставниците се доволно компетенти за дизјанирање и водење на портфолија?
3. Дали учениците се свесни за функцијата на портфлоиото и се инволвираат во нивно дизајнирање и водење?
4. Дали ученците веруваат во објективноста на оценките кои се потпираат на фактите од портфолијата?
5. Дали портолијата содржат докази на напредокот на ученците во сите наставни предмети?
6. Дали содржината соодветува на критериумите за фунционално портфолио?

## 6. МЕТОДОЛОГИЈА И РЕЗУЛТАТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да одговориме на прашањата преку кои се води студијата се референраме на релевантните податоци добиени од Ликертовата скала за оценување на 20 одделенски наставници и 20 родители и 125 ученици.

Општи прашања со цел да се добие сознание за ставот и компетенциите на наставниците во однос на портфлолијата.

**Тврдење бр.1** *Сметам дека портфолиото е во функција на оценувањето и овозможува објективно вреднување на учениците*

| | | Секогаш | Честопати | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сметам дека портфолиото е во функција на оценувањето и овозможува објективно вреднување на учениците* | f | 13 | 3 | 3 | 0 | 1 |
| | % | 65 | 15 | 15 | 0 | 5 |

**Тврдење бр.2** *Сум доволно компетентен за дизајнирање и водење на портолио.*

| | | Секогаш | Честопати | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сум доволно компетентен за дизајнирање и водење на портолио.* | f | 12 | 4 | 3 | 0 | 1 |
| | % | 60 | 20 | 15 | 0 | 5 |

Со помош на прикажаните резултати преку 65% ја нагласуваат вистинската функција на портфолијата, и истите сметаат дека преку изработките и трудовите може објективно да се оценуваат учениците. За прашањето дали се чустувуваат доволно компетентни за водење на портфлолио, се забележува присутност на доволни компетенции со 60%, наспроти еден наставник кој смета дека не поседува довплно компетенции.

Општи прашања со цел да се добие сознание за ставот на учениците за поставените тврдења.

**Тврдење бр.3** Дали знаете за што служи портфлоиото

| | | Секогаш | Честопати | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Дали знаете за што служи портфлоиото* | f | 71 | 28 | 12 | 10 | 4 |
| | % | 56,8 | 22,4 | 9,6 | 8 | 3,2 |

**Тврдење бр.4** Дали и вие имате право да одберете трудови кои ќе бидат дел од вашето портфолио

| | | Секогаш | Честопати | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Дали и вие имате право да одберете трудови кои ќе бидат дел од вашето портфолио* | f | 86 | 13 | 25 | 1 | 0 |
| | % | 68,8 | 10,4 | 20 | 0,8 | 0 |

**Тврдење бр.5** Дали мислиш дека преку трудовите и другите докази вклучени во портфолио наставниците може реално да те оценуваат?

| | | Секогаш | Честопати | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Дали мислиш дека преку трудовите и другите докази вклучени во портфолио наставниците може реално да те оценуваат?* | f | 75 | 34 | 12 | 2 | 2 |
| | % | 60 | 27,2 | 9,6 | 1,6 | 1,6 |

Од добиените податоци се согледува дека дури 56,8% учениците се запознаени за функцијата на портфолио. Додека ниеден ученик не смета дека немаат право да одберат трудови за портфлолиа, скоро 69 % од нив тврдат дека ја имаат таа слобода за избор. 75 ученици, односно 60% од нив веруваат дека трудовите во портфолијата за доказ за нивното постигнување и преку нив се покажува реалниот успех, т.е. објективно се оценуваат.

За да одговориме на прашањата структурата и содржината на портфолио ќе се повикаме на резултатите од фокусираното набљудување. Во тек на реализирање на анализа на содржина на портфолијата се забележи дека преку 68% од нив содржат неселектирани трудови на учениците. Поголемиот број на портфолија не беа структуирани според компонентите на организираност по предмети, уредност и репрезентативност. Иако во сите портфолија е евидентно голем репертоар на изработки по сите предмети, може да се заклучува дека истите не документираат напредок на постигања на учениците.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ

Детално разгледуваните резултати од целото истражување спроведено на наставници и ученици ги наметнува следниве генерални заклучоци:

- Според умираните тврдења на наставници се нагласува дека 65% ја нагласуваат вистинската функција на портфолијата. Наставниците сметаат дека ученичките изработки, трудови, цртежи,еснички, и др. се вистински показатели за напредокот и постигањата на учениците. Според нив може да се вреднува и објективно оценува уечникот.
- Во скалата на тврдења наставиците со 60% , изјасниле дека се чуствуваат доволно компетни за водење на функционално портфолио, наспроти еден наставник кој чуствува дека не поседува такви компетенции.
- Поделен е бројот на учениците кои се изјаснија дека имаат сознанија за функцијата на портолијата во однос на оценување наспроти оние кои не знаат за што служат портфолијата. 56,8 % од нив знаат зашто служи портфолиото, бројка која не може да се каже дека задоволува во обзир на тоа дека сите наставници се задолжени да водат портфолио и да им објснат на учениците за причината на водење.
- Задоволителна е фреквенција која го потврдува исказот дека скоро 70% од учениците уживат во слободата за избор на трудовите кои ќе ги престави.
- Учениците сметаат дека водење на портфолио е можност преку кој ќе им се овозможува да го покажуваат нивниот реален успех. 60% од нив веруваат дека трудовите во портфолијатасе доказ за нивното постигнување и преку нивобјективно се оценуваат.
- Поголемиот број на портфолија не се водат според компоненти на организираност по предмети, уредност и репрезентативност.

**ЛИТЕРАТУРА**

Gerard, T., Marcan, D., (n.d.) *Примена на стандардите за оценување на учениците*, без ознака
James, M. (2011), „Classroom assessment:principles and practice for effective standarbase instruction„„ *Studies in Educational Evaluation* 37, 3–14
Kubiszyn, T., Borich, G., (2003), *Educational testing and measurement: classroom application and practice*.7th ed. USA: John and Sons Publisher
McMillan, J., (2007), *Classroom assessment principles and practice for effective standards-based instruction*, -4th ed., Boston: Pearson Education, стр. 269
Osmani, F., (2010), *Sistem na ocenuvanje vo fukcija na nastavniot proces*, Tetovo: ArberiaDesign
Paulson, L., Paulson, P., Meyer, C., (1991), *What makes a portfolio a portfolio*, Journal article, v48 n5 60-63
Winsor, P., Ellefson, B., (1995). Professional Portfolios in Teacher Education: An Exploration of Their Value and Potential. *The Teacher Educator*, 31(1), 68
Zylfiu, H., (2005), *Didaktika*, Prishtina: Tigemate
http //scindeks.ceon.rs/article.aspx portfolio
http://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/portfolio
http://edglossary.org/portfolio/